Работен план и кандидатура за претседател на ФСС ФИНКИ 2026



**ГЕОРГИНА ИЛИЕВСКА**

Јас сум Георгина Илиевска, на смерот Примена на Информациски Технологии. Ова е четврта година каде што се кандидирам за да бидам дел од ФСС ФИНКИ, по втор пат како претседател. После успешната година што ја имавме и искуството што го стекнав сметам дека ги имам потребните квалификации за да ја имам таа улога. Оваа година успеав да направам клучни промени на факултетот и да започнам многу нови соработки и проекти кои би сакала да ви ги претставам:

- Најпрво ќе започнам од последната иницијатива наречена ФИНКИ Фокус Лаб таа претставува иницијатива создадена во соработка со професори и асистенти, со цел да се обезбеди простор наменет за студентите каде што ќе можат да учат, соработуваат и меѓусебно да се поддржуваат. Проектот е особено насочен кон студентите кои се соочуваат со потешкотии во фокусирањето, организацијата и совладувањето на наставниот материјал.

Во рамки на Фокус Лаб ќе бидат достапни ментори во одредени термини, кои ќе обезбедуваат дополнителна поддршка по дел од предметите преку консултации, дополнителна настава и насоки за поефикасно учење и напредок на студентите.

Покрај академската поддршка, проектот предвидува организација на различни настани и работилници насочени кон кариерен развој, личен напредок и психолошка поддршка на студентите, со цел создавање позитивна и мотивирачка студентска заедница.

Како дополнување на оваа иницијатива, изработена е и апликација која ќе служи како дигитална поддршка за полесна комуникација, организација и пристап до корисни ресурси и материјали.

- Ќе продолжам да работам на распоредите да бидат student-centric и да бидат навремено објавени .

- Ќе ја продолжам добрата соработка со професорите и асистентите за по квалитетна настава и навремени резултати.

- Ќе организирам серија на хуманитарни настани и крводарителски акции.

- Ке направам board games night во соработка со некој од локалите како Base42, Samo и слично.

- Ќе бидам задолжена за водење и одржување на Instagram профилот на ФСС ФИНКИ, како и за навремено одговарање на прашања и комуникација со студентите, како и досега. Дополнително, ќе работам на зголемување на активноста и вклученоста на студентите на Discord платформата, со цел подобра информираност, меѓусебна соработка и поголема поврзаност во рамки на студентската заедница.

- Ке ја остварам започнатата идеја од претходно за клуб за кодирање каде студентите ќе имаат можност да работат на реални проекти, ќе бидат достапни ментори и ќе има предавања од луѓе од индустрија, а сега во склоп на Фокус Лаб ќе биде полесно да се оствари.

- Ќе обезбедам повеќе спонзори и повеќе можности за студентите, по достапни пракси и уште подобри настани и забави.

- Ќе организирам хакатони во соработка со интернационални партнери, со цел овозможување на студентите да учествуваат во меѓународни проекти, да стекнат практично искуство и да ја прошират својата професионална и академска мрежа.

Сметам дека сум одличен и докажан кандидат за оваа позиција и се надевам дека ќе соработуваме и оваа година!



# Ајла Зилкиќ

**Насока** : ПИТ

Јас сум Ајла Зилкиќ ,студент од трета година на насоката Примена на информациски технологии.Во прилог се дел од целите кон кои ќе се се стремам за време на мојот мандат :

- Редовно и навремено информирање за сите важни рокови, известувања и студентски можности преку социјални мрежи и информативни објави.
- Организирање работилници за изработка на CV и LinkedIn профили
- Организирање гостински предавања од ИТ компании и поранешни студенти на ФИНКИ.
- Поголема достапност на информации за пракси и студентски програми преку редовно споделување можности од компании и платформи за вработување.
- Организирање хакатони, квизови и технолошки настани со поддршка од студентски организации и компании.
- Организирање повеќе студентски дружби, гејминг и спортски активности со цел поголемо поврзување меѓу студентите.
- Иницијатива за подобрување на условите за студентските простории преку соработка со управата и студентите.
- Поддршка и промоција на студентски проекти преку презентации, објави и студентски настани.
- Поголема вклученост на студентите во донесувањето одлуки преку анкети, форми за предлози и отворени дискусии.




Јас сум Александар Димоски, студент од трета година на насоката Компјутерски науки. Како во сегашниот, така и во следниот мандат, ќе се фокусирам на три приоритетни области:

**Социјални мрежи**
Ќе работам на подобро водење на социјалните мрежи на ФСС и ФИНКИ, со повеќе кратки видеа за студентски живот, совети, настани и интервјуа. Целта е информациите да бидат подостапни, појасни и поблиски до студентите. Во изминатиот период веќе беа направени значајни чекори во оваа насока, а во следниот мандат ќе се залагам оваа активност дополнително да се засили.

**Универзитетски лиги**
Ќе се залагам за редизајн на дресовите, редовни неделни термини во сала, поголема посетеност на натпреварите и формирање поконкурентни екипи во повеќе спортови. Оваа сезона фудбалерите и ракометарите стигнаа до финале, што претставува значително подобрување во споредба со претходната година.

**ФСС и студентите**
Ќе се залагам за поголема транспарентност преку јавно објавување на плановите, одлуките и активностите на ФСС, како и преку редовни анкети за собирање студентски мислења и предлози. Дополнително, ќе поддржам иницијативи за снимање предавања и аудиториски вежби, како и студентска менторска програма за полесно совладување на одредени предмети.



Здраво повторно колеги,

Како член на ФСС, ќе се залагам за:

Подобрување на комуникацијата помеѓу студентите, професорите и службите на факултетот. Организирање на разни настани: кино вечери, квизови, спортски активности, излети и забави. Поддршка на сите иницијативи за подобрување на условите за учење и престој на факултетот (клупи, хигиена, простор за социјализација). Поттикнување на меѓусебна соработка меѓу студентите од сите насоки. Навремено информирање за можности за практична работа, информации за навремено пријавување на испити во рок, пополнување анкети и сите останати работи кои се насочени од факултетот кон студентите. Прибирање на предлози, жалби и идеи преку анкети и директна комуникација за да бидам вистински глас на моите колеги. Соработка со останатите членови на ФСС и студентските организации за заедно да реализираме повеќе активности кои ќе го збогатат студентскиот живот. Активна комуникација и помош преку Discord серверот кој го користат скоро сите студенти, каде што редовно одговарам транспарентно и се трудам да помогнам секој полесно да се снајде доколку нешто не му е јасно. Секој студент заслужува да биде слушнат и застапен, а моја примарна цел е да бидам вашата поддршка за позитивни промени на ФИНКИ.



# Александар Марковски

Година: **Трета**

Насока: **ПИТ**

Поздрав колеги, јас сум Александар Марковски, студент од трета година на насоката Примена на информациски технологии. Се кандидирам за член на ФСС ФИНКИ бидејќи сметам дека со свежи идеи и посветеност можеме заедно да го подобриме студентскиот живот на ФИНКИ.

Дел од моите идеи се:

**Настани и социјализација**

- Организирање на студентски забави и неформални дружби
- Game nights, pub quiz-ови и кино вечери
- Спортски активности и излети

**Учење и развој**

- Туторски програми од постари студенти
- Групи за учење по потешки предмети
- Работилници за практично знаење и вештини

**Комуникација и транспарентност**

- Редовно информирање преку социјални мрежи и Discord
- Анкети за feedback по секоја испитна сесија
- Поблиска комуникација меѓу студентите и ФСС

**Простории и услови**

- Подобрување на хигиената на лаборатории
- Повеќе места за учење и дружење на кампус
- Подобрување на опремата

Мојата цел е да бидам гласот на студентите и да работам за реални промени кои секој од нас ги чувствува секојдневно. Секоја идеја и секоја жалба ќе биде сослушана.



Здраво дечки!

Јас сум Бобан Кочески, студент во втора година на насоката СИИС.

Ова е втора година по ред како се кандидирам за член на ФСС-ФИНКИ, од причина што сметам дека да се биде дел од ФСС-ФИНКИ значи активно да се работи во интерес на студентите, да се биде достапен и навремено да се реагира за нивните потреби и проблеми. Во изминатиот период како член на ФСС, стекнав големо искуство во комуникација со студенти и справување со студентските прашања и иницијативи. Затоа сум сигурен дека заслужувам да бидам дел од ова тело уште една година.

И понатаму ќе се залагам за навремено објавување распореди за полагања и резултати, со цел студентите полесно да ги организираат своите обврски. Особено важна ми е и поддршката за бруцошите, бидејќи и самиот сум поминал низ процесот на адаптација во нова средина и знам колку значи совет или разговор во првите студентски денови.

Ќе продолжам со редовна и активна комуникација со колегите, особено преку Discord и останатите групи, навремено одговарајќи на прашања, дилеми и предлози, како и досега. Дополнително, ќе се залагам за организирање на повеќе студентски активности, како квиз-вечери, дружења, најдобрите забави (како и досега 🤗) и неформални настани, со цел да се зајакне меѓусебната поврзаност меѓу колегите.

Верувам дека со посветеност, достапност и добра соработка можеме да придонесеме за уште подобар студентски живот на ФИНКИ.



Јас сум Јована Трајческа, студент на постдипломски студии на насоката Софтверско Инженерство. Во изминатата година како дел од ФСС ФИНКИ имав можност директно да се запознаам со предизвиците, потребите и идеите на студентите. Благодарение на досегашната соработка со колегите, стекнав искуство кое ме мотивира повторно да се кандидирам и да продолжам уште поактивно да работам за подобрување на студентското искуство.

Во следниот мандат како дел од ФСС, ќе се залагам за навремено објавување на распореди, резултати и други важни информации за студентите, како главен приоритет. Дополнително, ќе иницирам објавување на правила и услови за полагање на предметите пред упис на семестрите, сè со цел студентите однапред да бидат запознаени и да знаат што да очекуваат кога запишуваат одреден предмет. Ќе ја продолжам иницијативата за feedback анкети, чиишто одговори и резултати ќе бидат пренесени до соодветните тела на факултетот.

Ќе се залагам за повеќе networking настани, гостински предавања и практични работилници со компании и успешни алумни студенти од ФИНКИ. За бруцошите, заедно со останатите колеги од ФСС, ќе продолжиме со организирање на ориентациската недела за полесна адаптација, затоа што секој студент заслужува поддршка уште од самиот почеток. Исто така, ќе се потрудам да се организираат повеќе активности надвор од академските обврски, како game & quiz nights, хуманитарни акции и други неформални средби.

Отворена сум за комуникација, предлози и соработка, затоа што верувам дека најдобрите резултати се постигнуваат кога работиме заедно. Ќе продолжам да бидам активна на каналите за комуникација, да помагам во решавање на проблемите, но и да ги дискутираме вашите идеи. Верувам дека малите, но континуирани промени можат да направат голема разлика. Се надевам на успешна соработка и во следниот мандат!



## Нина Савева

· Трета година · ПИТ — Примена на информациски технологии · ФИНКИ

Здраво на сите! Јас сум Нина Савева, студент од трета година на ПИТ на ФИНКИ. Три години студирање ми дадоа јасна слика за тоа каде студентите имаат потреба од поддршка — и токму тоа ме мотивира да се пријавам за член на ФСС ФИНКИ.

Факултетот го градиме сите заедно — и јас сакам да бидам дел од тоа. Се пронаоѓам себеси во улогата на некој кој слуша, дејствува и е навистина достапен за студентите.

Како член на ФСС, ќе се залагам за:

- **Зголемена достапност и комуникација** — активно присуство и отворена комуникација со студентите секој ден.
- **Работилници и едукативни настани** — организирање на практични работилници со гости-стручњаци и луѓе од индустријата.
- **Дружење и поврзување** — настани за запознавање, неформални средби  и активности кои ги зближуваат студентите.
- **Поддршка при пракса и кариерни можности** — соработка со компании за повеќе реални можности за работно искуство за време на студиите.
- **Транспарентност и одговорност** — редовно информирање на студентите за тоа што се случува и што е постигнато, за да знаат дека нивниот глас навистина се слуша.

Мојата цел е едноставна — да работам секој ден за да го направам студентскиот живот на ФИНКИ подобар, поорганизиран и позабавен. Имам вистинска желба да работам за студентите, конкретни идеи и спремност да бидам активна и одговорна секој ден.

Заедно можеме да направиме ФИНКИ да биде место каде секој студент се чувствува поддржан, поврзан и слушнат.



# Сара Атанасова

Смер : ПИТ

Година : 3-та

## Цели кои се стремам да ги остварам :

### Академски услови

- Редовен дијалог со професорите за распоред и оценување
- Анкети за feedback, сугестии и поплаки после секоја колоквиумска/испитна сесија — за пропусти, проблеми, двосмислености или нерегуларности при полагање, за секој предмет
- Иницијатива за подобри услови во просториите каде се одржуваат предавања

### Дружење и заедница

- Team building настани и излети
- Журки и неформални дружења меѓу студентите
- Поврзување на студенти од сите години и насоки

### Кариера и развој

- Гости-спикери и компании директно на факултет
- Работилници за вештини корисни за пазарот на труд
- Менторства и можности за пракса

### Транспарентност

- Активно раководење на Instagram профилот на ФСС ФИНКИ — редовни објави и брзо враќање на пораки
- Постојано присуство и одговарање на Discord

# Дишлиовски Стефан




Како редовен студент на ФИНКИ, мојата кандидатура за член на ФСС произлегува од стремежот кон унапредување на студентскиот живот преку конкретни и реално остварливи иницијативи. Ќе се залагам за транспарентна комуникација – преку поефикасно информирање за термини, резултати, можности за пракси и вонннаставни активности. Верувам во значењето на поврзувањето – преку неформални дружења, Game Nights, планинарење и студентски натпревари. Ќе поттикнувам соработка со други студентски организации и компании за организирање предавања и обуки со практична вредност. Сакам гласот на студентите да биде слушнат и соодветно застапен. Затоа, ќе овозможам канали за анонимна комуникација и редовни анкети за предлози и критики. Мојата главна цел е ФСС да биде активен партнер и вистински сервис за секој студент.



Јас сум Ана Новеска, студентка во втора година на насоката СИИС и се кандидирам како член на ФСС мотивирана да придонесам повеќе за организацијата и подоброто функционирање во секојдневниот студентски живот.

Сметам дека секој студент заслужува навремени информации, добра организација и неговото мислење навистина да се слушне. Ќе се залагам распоредите за полагање да се објавуваат навремено, резултатите да не доцнат, а студентските забелешки и проблеми да бидат слушнати.

Покрај академскиот дел, сакам да придонесам и за подобар и поактивен студентски живот преку организирање на настани, дружби, квизови и други активности каде што студентите ќе имаат можност подобро да се запознаат, да се дружат и да создадат подобра поврзаност и позитивна атмосфера меѓу себе.

Секогаш ќе стојам на располагање за комуникација, споделување идеи и проблеми и ќе се стремам кон наоѓање на вистинското решение во корист за доброто на студентите.

Верувам дека со повеќе ангажираност, подобра организација и добра соработка можеме да придонесеме ФИНКИ да биде подобро место за сите студенти.

Промената почнува кога студентите одлучуваат да бидат повеќе од само публика.

# Стефанија Здравкоска



Со голема желба, мотивација и веќе стекнато искуство од претходната година, повторно се кандидирам за член на ФСС ФИНКИ. Верувам дека студентите заслужуваат повеќе од обични објави и формални активности — заслужуваат добра атмосфера, поврзаност и чувство дека навистина припаѓаат на факултетот.

Доколку добијам доверба повторно да бидам дел од ФСС, ќе се залагам за:

- Организирање на интересни и добро реализирани студентски забави и настани
- Повеќе дружби и активности кои ќе ги поврзат студентите од сите години
- Креирање поактивна и попозитивна студентска атмосфера на факултетот
- Слушање и реализирање на идеи и предлози од студентите
- Подобра комуникација и поголема транспарентност во активностите на ФСС
- Поттикнување повеќе студенти да се вклучат и да се чувствуваат дел од заедницата
- Организирање настани кои студентите навистина ќе сакаат да ги посетуваат

Сакам ФИНКИ да биде место каде покрај учењето ќе има добра атмосфера, дружби и незаборавни моменти. Верувам дека со добра организација, нови идеи и повеќе активност можеме да го направиме студентскиот живот поинтересен и поубав за сите.

Ќе се трудам да бидам активна, достапна за идеи и предлози, и да придонесам ФСС да биде поблиску до студентите и до тоа што тие навистина го сакаат.